КАРАТЕ ФЕДЕРАЦИЈА НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бр. 02 – 18/1
06.02. 2025 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на чл. Од Статутот на Карате на РСМ, Извршниот одбор на КФРСМ постапувајќи по барањето од КК „Тиквеш“ од Кавадарци заведено под бр.02-9/1 од 20.01.2025 година, на својата седница одржана на ден 06.02.2025 година, ја донесе следната

## ОДЛУКА

Барањето поднесено од КК „Тиквеш“ од Кавадарци, во кое КФРСМ е заведено под бр.02-9/1 од 20.01.2025 година, со кое се бара Собранието на Федерацијата да изгласа недоверба на претседателот на Федерацијата Дејан Чолески, како и да се изврши измена на Статутот во чл.37 ал.8, која се однесува за одлучување на членарина и ал.20 од истиот член, а која се однесува на избор на Стручниот совет и другите работни тела на Извршниот одбор, СЕ ПРЕДЛАГА СОБРАНИЕТО ДА ГО ОДБИЕ КАКО НЕОСНОВАНО.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Со барањето поднесено од КК „Тиквеш“ од Кавадарци заведено под бр.02-9/1 од 20.01.2025 година, а кое е потпишано од претседателот Лазар Јорданов, се бара Собранието на Федерацијата да одлучи и тоа:

1. Да се гласа за недоверба на претседателот на Федерацијата Дејан Чолески, затоа што ја злоупотребил службената положба, на начин што дозволил незаконско снимање на турнирот Олимпик опен одржан 2024 година во Скопје, при што бил снимен претседателот на овој клуб Лазар Јорданов, во својство на судија на мечот и кое тој го смета за навредување и омаловажување на него како судија. Исто така, смета дека претседателот се мешал и давал наредби на претседателот на судската комисија Благоја Атанасов, потоа дека вршел оштетување на средства на Федерацијата затоа што на натпреварите учествувале судии без лиценци, како и дека дозволил незаконски прием на здруженија и клубови и

2. Да се изврши измена на Статутот во чл.37 ал.8, која одредба се однесува на одлучување за членарина на клубовите и ал.20 од истиот член, а која се однесува на избор на Стручниот совет и другите работни тела на Извршниот одбор.

Извршниот одбор по опсежна анализа на поднесокот и барањата во него, констатира дека кон истиот не се поднесени никакви докази. Но и покрај тоа, Извршниот одбор ги разгледа дадените наводи и констатира и тоа:

1. Причините наведени во барањето за гласање недоверба на сегашниот претседател е неосновано и тоа поради следното:

- Снимање на натпревари на турнири и државни првенства не се забранети, дури доколку одредени натпревари не се покриени со видео ривју, претставниците од клубовите или од страна на родителите или тренерите може да се врши снимање, како би се отстраниле евентуални пропусти и неправилности во текот на борбата. Впрочем, снимањето е дозволено со правилникот на судиската комисија на КФРСМ, а се со цел да се обезбеди правилно и фер натпревар. При тоа

овие снимки заедно со протест од тренерот се доставуваат до судиската комисија и истата донесува одлука по тој проблем.

Од друга страна, претседателот не дава одобрение за снимање туку тоа е регулирано со Правилникот на судската комисија. Заради тоа неосновано и неправилно е прифаќањето дека со направените снимки имало намера и цел да се омаловажува подносителот на барањето.

- Што се однесува до наводот дека претседателот се мешал и давал наредби на претседателот на судската комисија Благоја Атанасов, го сметаме за неприфатливо, од причина што Судиската комисија се состои од 7 члена, а не само од претседателот Благој Атанасов. Од друга страна, претседателот на Федерацијата има право да контактира во текот на турнирот и натпреварите со сите службени лица на Федерацијата и на тој начин да обезбеди несметано и правилно одвивање на тој спортски настан. Тоа што претседателот контактирал со Балгој Атанасов не преставува никаква повреда на Статутот и другите правилници за одржување на натпреварите во рамки на КФРСМ.

- Што се однесува до наводот дека вршел оштетување на средства на Федерацијата затоа што на натпреварите учествувале судии без лиценци, укажуваме дека кон поднескот не е доставен никаков писмен доказ во таа смисла и неможе да се провери тој навод. Впрочем од исказот на претседателот на Судската комисија Благој Атанасов, кој е повикан на седницата на Извршниот одбор, потврди дека досега на натпревари што ги организира КФРСМ немало учество на судии без лиценци. Од тие причини Извршниот одбор смета дека овој навод од поднесокот е неоснован.

-По однос на наводот дека претседателот дозволил незаконски прием на здруженија и клубови во Федерацијата, сметаме дека е неосновано. Ова пред се, што кон барањето не се доставени никакви докази, ниту во барањето се наведува конкретно кои се тие клубови и здруженија. Од друга страна, за одреден клуб да биде примен за член на КФРСМ, неопходно е да се достави потребна документација, како и решение за вршење дејност спорт од надлежен орган, Без вакво одобрение не може да биде извршен прием на член во Федерацијата, ниту досега тоа се има случено. Ова особено, што за приемот на членови во Федерација конечна одлука донесува Собранието.

2. Што се однесува до предлогот да се изврши измена на Статутот во чл.37 ал.8, која се однесува за одлучување на чланарина и ал.20 од истиот член, а која се однесува на избор на Стручниот совет и другите работни тела на Извршниот одбор, сметаме дека е неосновано.

Статутот на Федерација се донесува од страна на Собранието и сите членови јасно и недвосмислено ја изразиле својата волја кога за истиот гласале со посочените одредби. Впрочем, висината на чланарината се определува од страна на Извршниот одбор и истата веќе повеќе од 15 години не е променета. Средствата за чланарината се користат за функционирање на Федерацијата, одржување на натпревари сл.

Што се однесува до одредбата од ал.20 од истиот член, укажуваме дека тоа се работни тела на Извршниот одбор, кое на истиот му помагаат и овозможуваат Федерацијата несметано да ја

извршува својата функција. Од друга страна, бидејки претседателите и членовите на овие комисии и тела не се платени лица, туку истите ги вршат своите задолженија волонтерски, поради попреченост од свои приватни работни често не се во можност да ги извршуваат доверените задачи и дококлу Собранието би одлучувало за нивниот избор, во тој случај динамиката на работата би била попречена. Ова особено, што Собранието се состанува најмалку еднаш годишно и на тој начин би се попречила и оневозможила несметаната работа на овие комисии и тела. Што се однесува до наводот за Надзорниот орган, укажуваме дека со статутот во чл.32 ст.1 ал.8 од Статутот е наведено дека изборот и разрешувањето на Одборот за контрола е во надлежност на Собранието.

Имајќи го предвид сето напред наведено, Извршниот одбор на Карате федерацијата на РСМ смета дека наводите дадени во поднесокот се неосновани и предлагаме на Собранието истото да го одбие како неосновано.

Скопје,
06.02.2025 година

Карате федерација на РС Македонија
Претседател,
Дејан Чолески

КАРАТЕ ФЕДЕРАЦИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • СКОПЈЕ •